**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1404-62/1**
**Скопје, 13.01.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „СРБИНОВО„**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Србиново за 2004 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Србиново за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Хамзи Ќерими, Градоначалник на општина Србиново за периодот од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 10.10. до 14.10.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Катица Николовска - Ревизор;
- Билјана Сурлевска - Ревизор;
- Катерина Чалоска - Помлад ревизор,и
- Бљерта Селмани - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. При пренесување на средствата од Буџетот до Органот на Општина Србиново, средствата се пренесуваат без одредена намена, односно не се дотираат средстата според расходните сметки спротивно на Законот за буџетите. Со тоа се губи можност за следење на наменското трошење на средствата од буџетот. На крајот на годината врз основа на направените расходи, дотацијата се раскнижува по соодветни расходни сметки. Истото, е причина на една подолго применувана пракса.
**Препорака:**
Ревизијата по оваа точка не дава препорака од причина што со преминот кон трезорското работење оваа неправилност ќе се надмине а и од причина што со новиот Закон за територијалната организација на ЕЛС во Република Македонија, Општина Србиново е населено место на Општина Гостивар.

11. Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Србиново на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење кај Буџетот на општина Србиново остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2004 година.

**Скопје, 04.01.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

## БУЏЕТ НА ЕЛС СРБИНОВО
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 1,753 | 1,690 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 9 | 6 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 2,424 | 1,711 |
| **Вкупно приходи** | | **4,186** | **3,407** |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 1,520 | 1,273 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 1,242 | 1,217 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 192 | 136 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2,954** | **2,626** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 836 | 617 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **836** | **617** |
| **Вкупно расходи** | | **3,790** | **3,243** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **396** | **164** |

## БУЏЕТ НА ЕЛС СРБИНОВО
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 396 | 224 |
| **Вкупно тековни средства** | | **396** | **224** |
| **Вкупна актива** | | **396** | **224** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 396 | 224 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **396** | **224** |
| **Вкупна пасива** | | **396** | **224** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

________________________